**201111719**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**19.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА ЦРНА ГОРА ЗА ЗАЕМНО ПОТТИКНУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

Се прогласува Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за заемно поттикнување и заштита на инвестициите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2011 година.

Бр. 07-3561/1
26 август 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА ЦРНА ГОРА ЗА ЗАЕМНО ПОТТИКНУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

Член 1

Се ратификува Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за заемно поттикнување и заштита на инвестициите, потпишан во Скопје на 15 декември 2010 година.

Член 2

Договорот во оригинал, на македонски, црногорски и англиски јазик гласи:

# ДОГОВОР

# МЕЃУ

# ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# И

# ВЛАДАТА НА ЦРНА ГОРА

# ЗА

# ЗАЕМНО ПОТТИКНУВАЊЕ И ЗАШТИТА

# НА ИНВЕСТИЦИИ

## ПРЕАМБУЛА

Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора, во понатамошниот текст: договорни страни,

*со желба* да ја зајакнат економската соработка за заедничка корист за двете држави,

*со намера* да создадат и одржуваат поволни услови за инвестиции на инвеститори од едната договорна страна на територијата на другата договорна страна,

*согледувајќи* ја потребата од поттикнување и заштита на странските инвестиции со цел зацврстување на економскиот просперитет на двете договорни страни,

се договорија за следното:

## ЧЛЕН 1
## Дефиниции

За целите на овој договор:

1. Под "инвестиција" се подразбира кое било средство вложено од инвеститор на едната договорна страна на територијата на другата договорна страна, во согласност со законите и прописите на договорната страна на чија територија е направена инвестицијата и вклучува посебно, но не и исклучиво:

   а) подвижен и недвижен имот, гаранции и права на сопственост како што се, службеност, хипотеки и други права во согласност со закон;

   б) акции, удели, должнички хартии од вредност или која било друга форма на учество во компании;

   в) парични побарувања и побарувања врз основа на договор кои имаат финансиска вредност и заеми директно поврзани со конкретна инвестиција;

   г) авторски права, трговски марки, патенти или други права на интелектуална или индустриска сопственост, know-how и good-will;

   д) какви било права од финансиска природа доделени со закон

или според договор, како што се концесии издадени во согласност со важечките прописи, кои го уредуваат вршењето на активности кои вклучуваат истражување, обработка, ископување и експлоатација на природни ресурси.

2. Под "инвеститор" се подразбира секое физичко или правно лице на една договорна страна кое инвестира на територијата на другата договорна страна.

   а) Под "физичко лице" во однос на која било договорна страна, се подразбира секое физичко лице кое е државјанин на една од договорните страни на овој договор.

   б) Под "правно лице" во однос на која било договорна страна, се подразбира секое правно лице вклучувајќи, претпријатија, компании, корпорации, деловни здруженија и/или организации, основано или пак организирано во согласност со соодветната законска регулатива на која било од договорните страни и кое има седиште заедно со своите главни активности на територијата на таа договорна страна.

3. Под "принос" се подразбираат износи остварени од инвестиции, и вклучуваат особено профити, камати, дивиденди, надоместоци за авторски права, какви било хонорари, капитални добивки и друг тековен приход.

4. Под "територија" се подразбира територијата на Република Македонија и на Црна Гора вклучувајќи го копнениот, водениот и воздушниот простор над кој државата остварува во согласност со меѓународното право, суверени права и има овластување врз тие области.

5. Каква било промена во формата во која се инвестирани или реинвестирани средствата не влијае на нивната квалификација како инвестиции, доколку таквата промена не е во спротивност со одредбите од овој договор и законодавството на договорната страна на чија територија е направена инвестицијата.

## ЧЛЕН 2
## Поттикнување и признавање на инвестиции

1. Секоја договорна страна ги поттикнува, на својата територија, инвестициите на инвеститорите од другата договорна страна и ги признава таквите инвестиции во согласност со своите закони и прописи.

2. Кога договорната страна признава инвестиција на својата

територија, таа, во согласност со своите закони и прописи, ги доделува потребните дозволи поврзани со таа инвестиција.

### ЧЛЕН 3
### Заштита и третман на инвестиции

1. Секоја договорна страна ги заштитува, на својата територија, инвестициите на инвеститорите од другата договорна страна извршени во согласност со своите закони и прописи, и не влијае штетно, со неоправдани и дискриминаторски мерки врз управувањето, одржувањето, употребата, уживањето, проширувањето, продажбата и ликвидацијата на таквите инвестиции.

2. Секоја договорна страна, во рамките на својата територија, обезбедува правичен и непристрасен третман на инвестициите на инвеститорите на другата договорна страна. Овој третман не е помалку поволен од оној кој секоја договорна Страна го доделува на инвестиции направени од сопствени инвеститори или од инвеститори на трета земја.

3. Одредбите од ставовите 1 и 2 од овој член не се толкуваат како обврска за едната договорна страна да им додели на инвеститорите на другата договорна страна корист од каков било третман, повластувања или пак привилегија која произлегува од членство или здружување во која било постојна или идна слободна трговска зона, економска, монетарна или царинска унија, заеднички пазар или постоен или иден договор за одбегнување на двојно оданочување или пак договор за други фискални прашања.

### ЧЛЕН 4
### Експропријација и надомест

1. Ниту една од договорните страни не презема мерки за експропријација, национализација или која било друга мерка која има ист ефект врз инвестициите на инвеститорите на другата договорна страна (во понатамошниот текст "експропријација"), освен кога тие мерки се преземаат за јавен интерес, на недискриминаторска основа, според соодветна законска постапка, при што инвеститорот добива ефективен и адекватен надомест.

   Таквиот надомест ја претставува пазарната вредност на експроприраната инвестиција непосредно пред експропријацијата или пред претстојната експропријација да стане јавно позната. Надоместот за штета содржи и камата, пресметана на годишна

ЛИБОР основа од датумот на експропријација до датумот на исплата.

2. Износот на надоместот се врши во конвертибилна валута, и тој е слободно пренослив и се плаќа без неоправдано задоцнување на личноста овластена за тоа, без оглед на неговото/нејзиното место на престојување или постојано место на живеење.

   Надоместот се смета дека е платен "без неоправдано задоцнување", доколку плаќањето е извршено во период кој се смета за вообичаено потребен за комплетирање на формалностите за трансферот. Наведениот период започнува на денот кога било поднесено соодветното барање и не надминува три месеци.

3. На инвеститорите на која било од договорните страни чии инвестиции трпат загуби поради војна или друг вооружен конфликт, состојба на државна загрозеност, побуна, востание или немири на територијата на другата договорна страна, им се доделува третман, во однос на реституција, обесштетување, надомест или друго порамнување, кој не е помалку поволен од оној што таа им го доделила на своите сопствени инвеститори или на инвеститори на која било трета земја.

   Плаќањата кои произлегуваат се вршат без задоцнување, во конвертибилна и слободно пренослива валута.

## ЧЛЕН 5
## Трансфери

1. Секоја договорна страна на чија територија е направена инвестиција од страна на инвеститори на другата договорна страна, им дозволува на тие инвеститори слободен трансфер на плаќањата поврзани со овие инвестиции, а особено на:

   а) капиталот и дополнителните износи потребни за одржување и проширување на инвестициите;

   б) добивки, профити, камати, дивиденди и друг тековен приход;

   в) средства за отплата на заеми директно поврзани со конкретна инвестиција, вклучувајќи камата според важечки договор;

   г) надоместоци за авторски права и хонорари;

д) приходи од целосна или делумна продажба или ликвидација на инвестиција;

ѓ) надоместоци предвидени во членот 4;

е) заработки на државјаните на едната договорна страна на кои им е дозволено да работат во врска со инвестиција направена на територијата на другата договорна страна.

2. Трансферите се вршат без задоцнување, во слободно конвертибилна валута, според важечкиот девизен курс на датумот на трансферот, во согласност со постапката утврдена од договорната страна на чија територија е направена инвестицијата, доколку се исполнети сите финансиски обврски спрема таа договорна страна.

3. Договорните страни им доделуваат на трансферите наведени во став 1 и 2 од овој член третман кој не е помалку поволен од оној доделен на трансферите кои произлегуваат од инвестициите направени од која било трета земја.

## ЧЛЕН 6
## Суброгација

1. Доколку договорната страна или нејзина овластена агенција (во понатамошниот текст "осигурител") изврши исплата на сопствените инвеститори врз основа на гаранција или осигурување од некомерцијални ризици во однос на инвестиции направени на територијата на другата договорна страна, таа договорна страна ја признава суброгацијата на осигурителот на сите права и побарувања кои произлегуваат од таквата инвестиција, и признава дека осигурителот има право да ги оствари тие права и да обезбеди извршување на побарувањата во иста мера како првичниот инвеститор.

2. Суброгираните права или побарувања не ги надминуваат основните права или побарувања на инвеститорот.

3. Во случај на суброгација како што е дефинирано во став 1 од овој член, инвеститорот нема право да бара побарување, освен ако не е овластен да го стори тоа од договорната страна или од нејзината овластена агенција.

## ЧЛЕН 7
## Решавање спорови помеѓу договорна страна и инвеститор на другата договорна страна

1. Инвеститорот ја известува во писмена форма, вклучувајќи детални информации, договорната страна на чија територија е направена инвестицијата, за споровите помеѓу една од договорните страни и инвеститор на другата договорна страна. Секој спор помеѓу договорна страна и инвеститор на другата договорна страна се решава спогодбено.

2. Во случај кога спорот не може да се реши спогодбено во рок од шест месеци од датумот на писменото известување, со кое другата договорна страна е известена за предметот на спорот, засегнатиот инвеститор може, по свој избор, да предложи спорот да се поднесе до:

   - надлежниот суд на договорната страна на чија територија е направена инвестицијата;

   - "ад хок" арбитражен суд, основан според Арбитражните правила на Комисијата на Обединетите Нации за меѓународно трговско право (УНЦИТРАЛ);

   - Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ИЦСИД), во согласност со Конвенцијата за решавање на инвестициски спорови помеѓу држави и државјани на други држави, отворена за потпишување од 18.03.1965 година во Вашингтон Д.Ц., во случај двете договорни страни да ја потпишале оваа Конвенција.

3. Откако спорот ќе се достави до надлежниот суд на договорната страна или на меѓународна арбитража, изборот за една од двете постапки е дефинитивен.

4. Арбитражната одлука се донесува врз основа на:

   - одредбите од овој договор;

   - националното законодавство на договорната страна на чија територија е направена инвестицијата, вклучувајќи ги и правилата на судир на законите;

   - правилата и општо прифатените принципи на меѓународното право.

5. Арбитражните одлуки се конечни и обврзувачки за страните во

спорот. Секоја договорна страна се обврзува да ги спроведе одлуките во согласност со своето национално право.

## ЧЛЕН 8
## Решавање на спорови помеѓу договорните страни

1. Споровите меѓу договорните страни кои се однесуваат на толкувањето и примената на одредбите од овој договор, се решаваат со консултации и преговори преку дипломатски канали.

2. Доколку двете договорни страни не можат да постигнат договор во рок од шест месеци од започнувањето на спорот помеѓу нив, на барање на која било договорна страна, тој се поднесува до арбитражен суд кој се основа на следниов начин:

   Секоја договорна страна назначува еден арбитер, и овие два арбитри назначуваат претседател кој мора да биде државјанин на трета земја, која одржува дипломатски односи со двете договорни страни.

3. Ако едната договорна страна не назначила свој арбитер, ниту одговорила на повикот на другата договорна страна да го изврши тоа назначување во рок од два месеца, арбитерот се назначува на барање на таа договорна страна од страна на претседателот на Меѓународниот суд на правда.

4. Ако двата арбитри не може да се согласат за изборот на претседателот во рок од два месеца од нивното назначување, тој/таа се назначува на барање на која било договорна страна, од страна на претседателот на Меѓународниот суд на правдата.

5. Ако во случаите наведени во ставовите 3 и 4 од овој член, претседателот на Меѓународниот суд на правдата е спречен во вршењето на наведената функција, или пак ако тој/таа е државјанин на која било од договорните страни, назначувањето се врши од страна на потпретседателот, а ако тој/таа е спречен или пак е државјанин на која било од договорните страни, назначувањето го врши судијата кој е највисок по хиерархија во судот, а кој не е државјанин на ниту една од договорните страни.

6. Во врска со другите одредби на договорните страни, судот ја одредува својата постапка. Судот ги донесува своите одлуки со мнозинство гласови.

7. Одлуките на судот се конечни и обврзувачки за двете договорни страни.

8. Секоја договорна страна ги сноси трошоците за својот член на судот и неговото застапување во арбитражната постапка. Трошоците за претседателот и останатите трошоци се во подеднакви делови покриени од договорните страни. Сепак, судот може да одлучи поголем дел од трошоците да ги сноси едната договорна страна и оваа одлука е обврзувачка за двете договорни страни.

**ЧЛЕН 9**
**Поповолни одредби**

Ако националното право на која било договорна страна или обврските според меѓународното право кои се важечки или воспоставени потоа, помеѓу договорните страни, покрај овој договор, содржат правила, без разлика дали се општи или специфични, со кои на инвестициите направени од инвеститори од државата на другата договорна страна им се доделува право на третман поповолен од оној предвиден со овој договор, таквите правила, до степен до кој се поповолни, преовладуваат над овој договор.

**ЧЛЕН 10**
**Консултации и размена на информации**

1. На барање на која било договорна страна, другата договорна страна се согласува веднаш да одржи консултации во врска со толкувањето или примената на овој договор.
2. На барање на која било договорна страна, се разменуваат информации за влијанието кое законите, прописите, одлуките, административните пракси или постапки или политики на другата договорна страна може да го имаат врз инвестициите покриени со овој договор.

**ЧЛЕН 11**
**Дополнителни одредби**

1. Ништо во овој договор не се толкува како пречка која било договорна страна:

а) да преземе какви било мерки кои ги смета за неопходни со цел заштита на своите основни безбедносни интереси;

- преземени во време на војна, вооружен судир или друга критична ситуација на територијата на таа договорна страна или во меѓународни односи; или

- поврзани со имплементација на националните политики или меѓународни договори кои се однесуваат на неширење на оружје;

б) да преземе каква било мерка во согласност со своите обврски според Повелбата на Обединетите Нации за одржување на меѓународниот мир и безбедност;

в) да преземе каква било мерка неопходна за одржување на јавниот ред, кога постои реална и доволно сериозна закана за еден од основните интереси на општеството;

г) да преземе какви било мерки поврзани со проблеми со билансите на плаќања и надворешни финансиски тешкотии, како и монетарни политики и политики на девизен курс.

2. Основните безбедносни интереси на договорната страна може да вклучуваат интереси кои произлегуваат од нејзиното членство во царинска, економска или монетарна унија, заеднички пазар или пак слободна трговска зона.

**ЧЛЕН 12**
**Поле на примена**

Овој договор се применува на инвестиции направени на територијата на едната договорна страна во согласност со нејзиното законодавство од страна на инвеститори на другата договорна страна, без разлика дали се направени пред или по влегувањето во сила на овој договор, но не се применува на кој било покренат спор или побарување во однос на инвестиции направени пред влегувањето во сила на овој договор.

**ЧЛЕН 13**
**Влегување во сила**

Овој Договор влегува во сила на подоцнежниот датум на кој, едната договорна страна ја известува другата договорна страна дека се исполнети нејзините внатрешни законски услови за влегувањето во сила на овој договор.

## ЧЛЕН 14
## Траење и престанок на договорот

1. Овој договор останува во сила за период од десет (10) години и продолжува да важи за ист период или периоди, освен ако една година пред истекување на почетниот или последователниот период, која било од договорните страни не ја извести другата договорна страна за нејзината намера да го прекине договорот.

   Известувањето за престанок на договорот влегува во сила една година откако другата договорна страна го примила известувањето за престанок на договорот.

2. Во однос на инвестициите извршени пред датумот кога известувањето за престанок на овој договор станува ефективно, одредбите од овој договор продолжуваат да важат за период од десет години од датумот на престанокот на овој договор.

Подготвено во Скопје на 15.12.2010, во два оригинални примерока, секој на македонски, црногорски и на англиски јазик, при што секој од текстовите е подеднакво автентичен. Во случај на разлики во толкувањето, ќе преовлада англискиот текст.

ЗА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА ВЛАДАТА НА
ЦРНА ГОРА

# SPORAZUM

## IZMEĐU

## VLADE REPUBLIKE MAKEDONIJE

## I

## VLADE CRNE GORE

## O UZAJAMNOM PODSTICANJU I ZAŠTITI ULAGANJA

## PREAMBULA

Vlada Republike Makedonije i Vlada Crne Gore, u daljem tekstu "Strane ugovornice",

*U želji da* ojačaju ekonomsku saradnju na obostranu korist obje zemlje,

*U namjeri da* stvore i održe povoljne uslove za ulaganja investitora jedne Strane ugovornice na teritoriji druge Strane ugovornice,

*Prepoznajući potrebu da* promovišu i štite strana ulaganja sa ciljem unaprjeđenja ekonomskog prosperiteta obje Strane ugovornice,

složile su se o sljedećem:

## ČLAN 1
**Definicije**

U smislu ovog Sporazuma:

1. Izraz »ulaganje« označava svaku vrstu sredstava uloženih od strane ulagača jedne Strane ugovornice na teritoriji druge Strane ugovornice, u skladu sa zakonima i propisima Strane ugovornice na čijoj je teritoriji izvršeno ulaganje i uključuje, iako ne isključivo:

   a) pokretnu i nepokretnu imovinu, garancije i prava svojine, kao što su službenost, hipoteke i druga prava shodno zakonu;

   b) dionice, akcije, obveznice ili bilo koja vrsta učešća u kompanijama;

   c) prava na novac i potraživanja na osnovu ugovora koji imaju finansijsku vrijednost i vrijednost kredita direktno vezanih za određenu investiciju;

   d) autorska prava, zaštitne žigove, patente ili druga intelektualna ili industrijska prava svojine, know-how i goodwill;

   e) sva prava finansijske prirode u skladu sa zakonom ili ugovorom, kao što su koncesije dodijeljene u skladu sa primjenljivim propisima koji uređuju obavljanje aktivnosti, uključujući istraživanje, obradu, vađenje i korišćenje prirodnih resursa.

2. Izraz »ulagač« označava svako fizičko ili pravno lice jedne Strane ugovornice koja ulaže na teritoriji druge Strane ugovornice.

   a) Izraz "fizičko lice" u vezi sa bilo kojom Stranom ugovornicom, odnosi se na bilo koje fizičko lice koje je državljanin neke od Strana ugovornica ovog Sporazuma.

   b) Izraz "pravno lice" u vezi sa bilo kojom Stranom ugovornicom, odnosi se na bilo koje pravno lice uključujući preduzeća, kompanije, korporacije, biznis udruženja i/ili organizacije osnovane ili organizovane u skladu sa odgovarajućim nacionalnim zakonodavstvom bilo koje Strane ugovornice koja imaju sjedište i vrše glavne aktivnosti na teritoriji te Strane ugovornice.

3. Izraz »prihod« označava sve iznose koje donosi ulaganje i, naročito, profit, kamate, dividende, honorare, bilo kakve naknade, kapitalne dobitke i druge tekuće prihode.

4. Izraz "teritorija" označava teritoriju Republike Makedonije i teritoriju Crne Gore, uključujući kopneni, vodeni i vazdušni prostor, u kojem dotična zemlja ostvaruje, u skladu sa međunarodnim pravom, suverena prava i nadležnost nad tim teritorijama.

5. Bilo kakva promjena oblika u kojem je imovina uložena ili reinvestirana neće uticati na njihove ulagačke kvalifikacije, samo ako takva promjena nije u sukobu sa odredbama ovog Sporazuma i sa zakonodavstvom Strane ugovornice na čijoj je teritoriji ulaganje izvršeno.

## ČLAN 2
## Podsticanje i prihvatanje ulaganja

1. Svaka Strana ugovornica će, na svojoj teritoriji, u skladu sa svojim zakonima i propisima, podsticati i prihvatiti ulaganja izvršena od strane ulagača druge Strane ugovornice.

2. Kada jedna Strana ugovornica prihvati neko ulaganje na svojoj teritoriji, ona će, u skladu sa svojim zakonima i propisima, omogućiti neophodne dozvole u vezi sa jednim takvim ulaganjem.

## ČLAN 3
## Zaštita i tretman ulaganja

1. Svaka Strana ugovornica će, na svojoj teritoriji, zaštititi ulaganja izvršena u skladu sa njenim zakonima i propisima od strane ulagača druge Strane ugovornice i neće, nerazumnim ili dikriminatornim

mjerama, ugroziti upravljanje, održavanje, korišćenje, uživanje, proširenje, prodaju i likvidaciju ovakve investicije.

2. Svaka Strana ugovornica će, na svojoj teritoriji, obezbijediti fer i jednak tretman ulaganja izvršenih od strane ulagača druge Strane ugovornice. Ovaj tretman neće biti manje povoljan u odnosu na onaj obezbijeđen od strane svake Strane ugovornice za ulaganja sopstvenih ulagača ili ulagača treće države.

3. Odredba iz stavova 1 i 2 ovog člana neće se tumačiti tako da obavezuju jednu Stranu ugovornicu da proširi na ulagače druge Strane ugovornice korist bilo kojeg tretmana, prednost od privilegija koje proizilaze iz udruženja ili članstva u bilo kojem postojećem ili budućem području slobodne trgovine, ekonomskoj, monetarnoj ili carinskoj uniji, zajedničkom tržištu ili bilo koje druge postojeće ili buduće konvencije o izbjegavanju dvostrukog oporezivanja ili konvencije o ostalim fiskalnim pitanjima.

**ČLAN 4**
**Eksproprijacija i obeštećenje**

1. Nijedna od Strana ugovornica neće preduzimati nikakve mjere eksproprijacije, nacionalizacije ili bilo koje druge mjere koje imaju isto djejstvo na ulaganja ulagača druge Strane ugovornice (u daljem tekstu »eksproprijacija«), osim ukoliko su preduzete mjere od javnog interesa i ukoliko nijesu diskriminatorne niti suprotne zakonu i pod uslovom da predviđaju pravosnažnu i adekvatnu kompenzaciju.

   Takva kompenzacija biće jednake vrijednosti kao i tržišna vrijednost oduzetog ulaganja neposredno prije nego što eksproprijacija ili predstojeća eksproprijacija postane javna. Nadoknada štete, takođe, uključuje kamatu obračunatu na osnovu godišnjeg LIBOR-a od datuma eksproprijacije do datuma plaćanja.

2. Iznos naknade štete biće dogovoren u konvertibilnoj valuti, slobodno prenesen i uplaćen, bez nepotrebnog odlaganja, licu koje na to ima pravo bez obzira na njegovo prebivalište ili mjesto boravka.

   Smatraće se da je naknada štete izvršena "bez nepotrebnog odlaganja" ako je izvršena u periodu koji se smatra uobičajenim za izvršenje transfernih formalnosti. Pomenuti period će početi na dan kada se relevantni zahtjev dostavi i ne može biti duži od tri mjeseca.

3. Ulagači bilo koje Strane ugovornice čija su ulaganja pretrpjela štetu na teritoriji druge Strane ugovornice zbog rata ili drugog oružanog sukoba, nacionalnog vanrednog stanja, revolucije, pobune ili nemira, uživaće

tretman, u pogledu restitucije, nadoknade štete, obeštećenja ili drugog poravnjanja, koji nije manje povoljan od onog prema sopstvenim ulagačima ili ulagačima iz bilo koje treće države.

Rezultirajuća plaćanja biće prenijeta bez odlaganja, u konvertibilnoj i slobodno prenosivoj valuti.

### ČLAN 5
### Transferi

1. Svaka Strana ugovornica, na čijoj teritoriji je izvršeno ulaganje od strane investitora druge Strane ugovornice, garantovaće tim ulagačima slobodan transfer plaćanja vezano za ova ulaganja, a naročito:

   a) Kapitala i dodatnih iznosa potrebnih za održavanje i razvoj ulaganja;

   b) Dobiti, profita, kamata, dividendi i drugih tekućih prihoda;

   c) Sredstva za otplatu kredita, uključujući kamatu u skladu sa važećim ugovorom, direktno povezana sa konkretnim ulaganjem;

   d) Honorare i naknade;

   e) Sredstva od kompletne ili djelimične prodaje ili likvidacije ulaganja;

   f) Nadoknade navedene u članu 4;

   g) Primanja državljanja jedne Strane Ugovornice kojima je dozvoljeno da rade u vezi sa ulaganjem na teritoriji druge Strane ugovornice.

2. Transferi će biti izvršeni bez odlaganja, u slobodno konvertibilnoj valuti po zvaničnom deviznom kursu na dan transfera, u skladu sa procedurama utvrđenim od strane Strane ugovornice na čijoj teritoriji je ulaganje izvršeno, pod uslovom da su sve finansijske obaveze prema ovoj Strani ugovornici ispunjene.

3. Strane ugovornice se obavezuju da transferima navedenim u stavovima 1 i 2 ovog člana obezbijede tretman koji nije manje povoljan od onoga koji se pruža transferima koji potiču od ulaganja koje vrši bilo koja treća država.

### ČLAN 6
### Subrogacija

1. Ukoliko Strana ugovornica ili njen imenovani zastupnik (u daljem tekstu "osiguravač") izvrše plaćanje svojim ulagačima po osnovu garancije ili

osiguranja od nekomercijalnih rizika koje je ugovorio u pogledu nekog ulaganja na teritoriji druge Strane ugovornice, ta Strana ugovornica priznaće osiguravaču subrogaciju svih njegovih prava i potraživanja koja proističu iz datog ulaganja i takođe, priznaće osiguravaču pravo da ta prava iskoristi i da obezbijedi realizaciju potraživanja u istom obimu kao i prvobitni ulagač.

2. Subrogirana prava i potraživanja neće prevazilaziti osnovna prava i potraživanja investitora.

3. U slučaju subrogacije, kao što je definisana u paragrafu 1 ovog člana, investitor nema prava na potraživanja ukoliko nije ovlašćen od Strane ugovornice ili njenog imenovanog zastupnika.

## ČLAN 7
## Rješavanje sporova između jedne Strane ugovornice i ulagača druge Strane ugovornice

1. Sporovi između jedne Strane ugovornice i ulagača druge Strane ugovornice biće dostavljeni u pisanoj formi, uključujući detaljne informacije, od strane ulagača Strani ugovornici na čijoj je teritoriji ulaganje izvršeno. Bilo koji spor između Strane ugovornice i ulagača druge Strane ugovornice treba da se riješi prijateljskim dogovorom.

2. Ako se spor ne može riješiti na prijateljski način u roku od šest mjeseci od datuma pismenog obavještenja kojim je druga Strana ugovornica obaviještena o predmetu spora, dotični ulagač može predložiti, po sopstvenom izboru, da se spor iznese na rješavanje:

   - Nadležnom sudu Strane ugovornice na čijoj teritoriji je izvršeno ulaganje;

   - "Ad hoc" arbitražnom sudu osnovanom shodno pravilima o arbitraži Komisije Ujedinjenih nacija za međunarodno trgovinsko pravo (UNCITRAL);

   - Međunarodnom centru za rješavanje investicionih sporova (ICSID), u skladu sa Konvencijom o rješavanju investicionih sporova između država i državljana drugih država, otvorena za potpisivanje od 18.03.1965. u Vašingtonu, ukoliko su obije Strane ugovornice potpisnice ove Konvencije.

3. Kada se spor dostavi nadležnom sudu Strane ugovornice ili međunarodnoj arbitraži, izbor jedne ili druge procedure biće konačan.

4. Odluka arbitraže će se zasnivati na:

- Odredbama ovog Sporazuma;
- Nacionalnom zakonu Strane ugovornice na čijoj teritoriji je ulaganje izvršeno, uključujući pravila koja se odnose na kršenja zakona;
- Pravilima i univerzalno prihvaćenim načelima međunarodnog prava.

5. Odluke arbitraže biće konačne i obavezujuće za Strane u sporu. Svaka Strana ugovornica se obavezuje da izvrši odluke u skladu sa svojim nacionalnim zakonodavstvom.

### ČLAN 8
### Rješavanje sporova između Strana ugovornica

1. Sporovi između Strana ugovornica, u pogledu tumačenja i primjene odredbi ovog Sporazuma, će se riješiti putem konsultacija i pregovora diplomatskim kanalima.

2. Ako obije Strane ugovornice ne mogu među sobom postići dogovor u roku od šest mjeseci nakon početka spora između njih, isti će, na zahtjev bilo koje Strane ugovornice, biti proslijeđen arbitražnom sudu koji će biti sastavljen kako slijedi:

   Svaka Strana ugovornica će imenovati po jednog sudiju, a to dvoje sudija će imenovati predsjednika koji će biti državljanih treće države koja održava diplomatske odnose sa obije Strane ugovornice.

3. Ukoliko jedna od Strana ugovornica ne imenuje svog sudiju i nije slijedila poziv druge Strane ugovornice da izvrši imenovanje u roku od dva mjeseca, sudiju će, na zahtjev te Strane ugovornice, imenovati predsjednik Međunarodnog suda pravde.

4. Ako oboje sudija ne mogu postići dogovor u pogledu izbora predsjednika u roku od dva mjeseca od njihovog imenovanja, predsjednika će, na zahtjev bilo koje Strane ugovornice, imenovati predsjednik Međunarodnog suda pravde.

5. Ako u slučajevima navedenim u stavovima 3 i 4 ovog člana, predsjednik Međunarodnog suda pravde bude spriječen da obavlja pomenutu funkciju, ili ako je državljanin bilo koje Strane ugovornice, to imenovanje će izvršiti potpredsjednik, a ukoliko je i on spriječen ili je državljanin bilo koje Strane ugovornice, imenovanje će izvršiti najstariji sudija tog suda koji nije državljanin bilo koje Strane ugovornice.

6. U skladu sa ostalim odredbama koje dogovore Strane ugovornice, sud će utvrditi svoju proceduru. Sud će donositi svoje odluke većinom glasova.

7. Odluke suda su konačne i obavezujuće za svaku Stranu ugovornicu.

8. Svaka Strana ugovornica će snositi troškove za svog člana tribunala i njegovog zastupanja u arbitražnom postupku; troškove predsjednika i preostale troškove podjednako snose Strane ugovornice. Tribunal, međutim, može odlučiti da veći dio troškova snosi jedna Strana ugovornica i ta odluka će biti obavezujuća za obije Strane ugovornice.

**ČLAN 9**
**Povoljnije odredbe**

Ako domaći zakon bilo koje Strane ugovornice, ili obaveze prema međunarodnom zakonu koje trenutno postoje ili budu utvrđene nakon zaključivanja ovog Sporazuma između Strana ugovornica, osim onih iz ovog Sporazuma, sadrže propis, bilo opšti ili konkretni, dajući ulaganjima ulagača druge Strane ugovornice tretman koji je povoljniji nego što je to predviđeno ovim Sporazumom, takav propis će, u mjeri koja je povoljnija, imati prevagu nad ovim Sporazumom.

**ČLAN 10**
**Konsultacije i razmjena informacija**

1. Na zahtjev bilo koje Strane ugovornice, druga Strana ugovornica će odmah pristati na konsultacije u pogledu tumačenja ili primjene ovog Sporazuma.

2. Na zahtjev bilo koje Strane ugovornice, informacije će se razmjenjivati o uticaju koji zakoni, propisi, odluke, administrativne prakse ili procedure ili politike druge Strane ugovornice mogu imati na ulaganja uređena ovim Sporazumom.

**ČLAN 11**
**Dodatne odredbe**

1. U ovom Sporazumu, ništa se neće tumačiti kako bi spriječilo bilo koju Stranu ugovornicu od:

a) preduzimanja bilo koje radnje koje smatra neophodnim za zaštitu svojih suštinskih bezbjedonosnih interesa:

- preduzetih u vrijeme rata ili oružanog sukoba ili u drugim vanrednim situacijama u toj Strani ugovornici ili u međunarodnim odnosima ili

- vezanih za sprovođenje nacionalnih politika ili međunarodnih sporazuma, koje se odnose na sprječavanje širenja naoružanja.

b) preduzimanja bilo koje mjere u skladu sa svojim obavezama prema povelji Ujedinjenih nacija o održavanju međunarodnog mira i bezbjednosti;

c) preduzimanja bilo koje mjere neophodne za održavanje javnog reda kada postoji istinska i ozbiljna prijetnja fundamentalnim interesima društva;

d) preduzimanje bilo koje mjere vezane za platni bilans i finansijske poteškoće sa inostranstvom kao i za monetarnu politiku i politiku deviznog kursa.

2. Suštinski bezbjedonosni interesi Strana ugovornica mogu uključiti interese koji proizilaze iz članstva u carinskoj, ekonomskoj ili monetarnoj uniji, zajedničkom tržištu i zoni slobodne trgovine.

## ČLAN 12
## Domen primjene

Ovaj Sporazum će se primjenjivati na ulaganja ostvarena na teritoriji jedne Strane ugovornice, u skladu sa njenim zakonodavstvom, od strane ulagača druge Strane ugovornice, prije i nakon stupanja na snagu ovog Sporazuma, ali se neće primjenjivati na bilo koji spor ili zahtjev koji se odnose na ulaganja prije stupanja na snagu ovog Sporazuma.

## ČLAN 13
## Stupanje na snagu

Ovaj Sporazum stupa na snagu na dan prijema drugog obavještenja kojim jedna od Strana ugovornica obavještava drugu da su ispunjeni zahtjevi njenog unutrašnjeg zakonodavstva za stupanje na snagu ovog Sporazuma.

## ČLAN 14
## Trajanje i raskid

1. Ovaj Sporazum ostaje na snazi tokom perioda od deset (10) godina i nastaviće da bude pravosnažan i poslije tog perioda na isti period ili periode osim ako, jednu godinu prije isteka početnog ili naknadnog perioda, bilo koja Strana ugovornica ne obavijesti drugu Stranu ugovornicu o svojoj namjeri da raskine ovaj Sporazum.

   Obavještenje o raskidu postaje pravosnažno jednu godinu nakon što isto primi druga Strana ugovornica.

2. U pogledu ulaganja izvršenih prije datuma kada obavještenje o raskidu ovog Sporazuma postane pravosnažno, odredbe ovog Sporazuma će nastaviti da budu pravosnažne tokom perioda od deset godina od dana raskida ovog Sporazuma.

Sačinjeno u Skoplju, dana 15.12.2010, u dva originalna primjerka, na makedonskom, crnogorskom i engleskom jeziku, pri čemu su sva tri teksta podjednako autentična. U slučaju bilo kojeg odstupanja u tumačenju, mjerodavna je verzija na engleskom jeziku.

ZA VLADU REPUBLIKE MAKEDONIJE

ZA VLADU CRNE GORE